# ЗАКОН ЗА ЛИЧНОТО ИМЕ

КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ [1]

## Член 1

Личното име е лично право на граѓанинот. Граѓанинот се служи со личното име, што му е запишано во матичната книга на родените.

## Член 2

Личното име се состои од име и презиме, а самото име или презиме може да содржи повеќе зборови.

Со личното име не смее да се навредува јавниот морал.

## Член 3

Личното име на детето го определуваат родителите спогодбено.

Презимето на детето се определува според презимето на еден или двата родитела, освен ако родителите не определат детето да носи некое друго презиме.

Ако родителот не е жив или не е во можност да ги врши родителските права или е непознат, личното име на детето го определува другиот родител.

Ако родителите не се живи или не се во можност да ги вршат родителските права, личното име на детето го определува надлежниот орган за старателство, односно старателот со согласност од надлежниот орган за старателство, според презимето на еден или двата родитела.

Во случаите кога родителите не се спогодат во определувањето на личното име на детето или се непознати, личното име на детето го определува надлежниот орган за старателство, односно старателот со согласност од надлежниот орган за старателство.

## Член 4

Личното име на посвоено дете го определуваат посвоителите.

Ако посвоеното дете има лично име, посвоителите можат при посвојувањето да го определат своето или друго презиме освен ако со актот за посвојување не е определено посвоеникот да го задржи своето презиме или на своето презиме да го додаде презимето на посвоителите.

## Член 5

Граѓанинот има право да го промени личното име, односно само името или презимето.

На малолетно лице ќе му се промени личното име, односно само името или презимето на барање од родителите или посвоителите, односно на старателот со согласност од надлежниот орган за старателство.

Ако се бара промена на личното име за дете кое наполнило 10 години живот, потребна е и негова согласност.

## Член 6

Нема да му се одобри промена на личното име, односно само на името и презимето на лице против кое се води кривична постапка за кривично дело кое се гони по службена должност или на лице кое е осудено за такво кривично дело, додека казната не е извршена или додека траат правните последици на осудата, како и на лице кое не ги регулирало имотноправните и други законски обврски од брачниот однос и од односот на родители и деца кон лица кои живеат во Република Македонија.

Министерството за внатрешни работи во постапката на одлучување по барање за промена на личното име, по службена должност утврдува дали подносителот на барањето е осуден за кривично дело за кое се гони по службена должност.

## Член 7

Барањето за промена на личното име со потребната документација се поднесува до Министерството за внатрешни работи.

Министерството за внатрешни работи донесува решение за промена на личното име во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето за промена на личното име.

Министерот за внатрешни работи ќе донесе подзаконски пропис за формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член.

Доколку Министерството за внатрешни работи не го донесе решението за промена на личното име односно не донесе решение за одбивање на барањето за издавање на решението за промена на личното име во рокот од ставот 2 на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на министерот за внатрешни работи заради донесување на решение од страна на министерот за внатрешни работи.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 4 на овој член ги пропишува министерот за внатрешни работи.

Министерот за внатрешни работи е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот 4 на овој член до писарницата на министерот за внатрешни работи да донесе решение со кое барањето за донесување на решение за промена на личното име е уважено или одбиено. Доколку министерот за внатрешни работи нема писарница, барањето се поднесува до писарницата на седиштето на Министерството за внатрешни работи.

Кон барањето за донесување решение од ставот 4 на овој член подносителот на барањето доставува и копија од барањето за донесување на решение за промена на личното име од ставот 1 на овој член.

Доколку министерот за внатрешни работи не донесе решение во рокот од ставот 6 на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

Инспекторот е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот 8 на овој член да изврши инспекциски надзор во Министерството за внатрешни работи и да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го извести подносителот на барањето за утврдената состојба при извршениот надзор.

Инспекторот по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот за внатрешни работи во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и за преземените мерки во истиот рок да го извести инспекторот и да му достави примерок од актот со кој е одлучено по барањето.

Доколку министерот за внатрешни работи не одлучи во рокот од ставот 10 на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој министерот за внатрешни работи ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучувал по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку министерот за внатрешни работи не одлучи и во дополнителниот рок од ставот 11 на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот 9 на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот 12 на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот 9 на овој член или не поднел пријава согласно со ставот 12 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот, и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Министерството за внатрешни работи дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот 14 на овој член директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Во случајот од ставот 15 на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

Во случајот од ставот 16 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот 14 на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

Доколку министерот за внатрешни работи не одлучи во рокот од ставот 12 на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

Постапката пред Управниот суд е итна.

Подзаконскиот акт од ставот 5 на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на донесувањето на овој закон.

Конечното решение за промена на личното име се доставува на органи и организации кои со закон се должни да водат евиденција со податоци за личното име на граѓанинот.

## Член 8

Глоба во износ од 50 до 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на лице кое не се служи со личното име што му е запишано во матичната книга на родените (член 1 став 2).

## Член 8-а

За прекршокот предвиден со одредбата од членот 8 на овој закон прекршочната постапка ја води комисија на Министерството за внатрешни работи.

Комисијата од ставот 1 на овој член е составена од два члена и претседател на комисијата.

Членовите на комисијата имаат завршено високо образование и работно искуство од најмалку четири години на предметната материја, а претседателот на комисијата е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од најмалку шест години на предметната материја.

## Член 9

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за личното име („Службен весник на СРМ" број 30/72, 41/85, 51/88 и 19/90).

## Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**ОДРЕДБИ ОД ДРУГИ ЗАКОН И**

Закон за дополнување на Законот за личното име („Службен весник на Република Македонија" бр.103/2008):

**Член 2**

Подзаконскиот пропис предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за изменување и дополнување на Законот за личното име („Службен весник на Република Македонија" бр.51/2011):

**Член 3**

Подзаконскиот акт од членот 2 став 6 на овој закон ќе се донесе во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за изменување и дополнување на Законот за личното име („Службен весник на Република Македонија" бр.51/2011):

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува по три месеци од денот на неговото влегување во сила.